ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ
ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАБРАНА НА НЕФЕР ТРГОВСКИ ПРАКТИКИ ВО СИНЏИРОТ НА СНАБДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ (*)

**1. Прашање**
Да се појасни на кои категории се однесува дефиницијата „Синџир на снабдување на земјоделски и прехранбени производи“.
Дали во дефиницијата се исклучени угостителските објекти (ХоРеКа каналот) и дали дистрибуција - продажбата преку субдистрибутери подлежи на овој закон?

Одговор:
Според дефиниција во член 4, точка 8. „Синџир на снабдување на земјоделски и прехранбени производи“ се сите учесници во производството, преработката и трговијата со земјоделски и прехранбени производи, и тоа: **производители, откупувачи и/или преработувачи, трговци на големо и трговци на мало** кои во договорните односи можат да бидат добавувачи или купувачи, како и јавните органи како купувачи.
Согласно на тоа, субдистрибутерите се опфатени во законот како откупувачи или трговци на големо, додека угостителските објекти не се предмет на уредување на овој закон.

**2. Прашање**
Да се појасни потребата од утврдување на праговите за значителна преговарачка моќ во членот 6 од Законот, бидејќи во членот 8 став 1 е предвидено дека за нефер трговски практики во однос меѓу купувач и добавувач се сметаат трговските практики наведени во точките 1-26, **без оглед на преговарачката моќ**.
Овој став создава забуна за примена на праговите за значителна преговарачка моќ, особено ако се има предвид и дефиницијата на “нефер трговски практики“ каде законодавецот изрично потенцира дека истите се однесуваат на односи меѓу купувачот и добавувачот кога купувачот **“ја користи неговата значителна преговарачка моќ“**.

Одговор:
Праговите се утврдени како што налага Директивата. Тие се во функција на одредување на значителна преговарачка моќ.
Законот, т.е. член 7 и 8 се однесуваа на сите субјекти, без оглед на големината и без оглед на преговарачката моќ.
Членот 9 од директивата овозможува национално доуредување онаму каде што ќе се оцени за потребно.
Министерството за економија го следеше искуството на неколку земји членки на ЕУ на начинот на транспонирање на предметните одредби од директивата во нивниот правен пропис.

**3. Прашање**
Во однос на членот 7 (Форма и содржина на договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи и забрана на нефер трговска практика) да се појасни потребата од склучување на писмени договори во секој поединечен случај, особено доколку не

постои случај на значителна преговарачка моќ помеѓу договорните страни. Ваквото барање за целосно формализирање на ваквите договорни односи може да создаде застој во работењето во целокупниот синџир на снабдување.

Во однос на задолжителните елементи на договорот, апелираме да се овозможи **цените на производите** (од точка 1) да бидат искажани во тековен ценовник (или договорена на поинаков начин), кој ценовник подлежи на промени и за секоја негова промена доволно е да има некаква писмена комуникација помеѓу договорните страни т.е. информација за негова промена (вклучително и емаил).

Одговор:
Договори за снабдување на земјоделски и прехранбени производи мора да има помеѓу сите субјекти, без оглед на преговарачката моќ и големината на субјектот. Писмената форма на договор е задолжителна за сите (со елементите односно условите предвидени во член 7 став 2, став 3 и став 4 на законот, кои се обврзувачки). Секој субјект треба да го организира работењето од аспект на тоа да се избегне евентуален застој.
Напоменуваме: согласно член 7 став 1 од законот, **Договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи меѓу добавувачот и купувачот мора да биде склучен во писмена форма пред испорака на земјоделски или прехранбени производи**

За секоја промена на цената или ценовник, релевантен доказ е електронска комуникација, без да се архивира примерок. Битно е да постои писмена трага дека истите се искомуницирани со другата страна.

**4. Прашање**
**Начинот на определување или пресметка на цената** да не е составен дел на ценовникот и договорот, бидејќи секој трговец има во поткрепа калкулација/доказ за оваа работа.

Одговор:
Постојат 2 начини за определување на цените:
1. Поединечна цена на добавувач + % за рабат + % за надоместоци за фер трговски парктики (не повеке од 10%) да се наведат во договорот.
2. Ценовникот на добавувачот да е во прилог на договорот, додека % за рабат + % за надоместоци за фер трговски практики (не повеке од 10%) да се наведат во договорот.
Оваа одредба не се однесува на калкулација на основната цена во ценовник.

**5. Прашање**
Во однос на **местото на испорака** наведено во точка 5 на член 7 од законот, потребно е да се појасни дали местото на испорака (посебно за ланци на маркети кои имаат голем број на продажни места) може да се дефинира генерално, без наведување на сите детали и адреси. Истите подлежат на промени. Со цел да не предизвикаат потреба од измена на договорите и потпишување на анекси или да ја оптеретуваат нивната содржина, се предлага комуникацијата поврзана со промена на местото на испорака (т.е. промена на адреса, назив или други податоци) да се одвива по пат на писмена комуникација (вклучително и емаил).

Одговор:
Местото на испорака ќе ја одреди купувачот и може да се дефинира генерално и да се повикува на активни подружници на трговецот (евидентирани во тековна состојба), а секоја промена да биде видлива во тековна состојба на субјектот.
Комуникацијата поврзана со промена на местото на испорака исто така може да се врши во електронска комуникација која ќе биде поткрепена со тековна состојба каде се наведени деталите за продажното место – подружница.
Битно е да постои писмена комуникација особено заради почитување на забраната во точка 2, став 1 на член 8 од законот.

**6. Прашање**
Во однос на **општите деловни услови** предвидени во став 3 од член 7 бараме појаснување дека одредбата не имплицира истите да се преставуваат прилог на договорите, туку соодветно би било регулирањето на елементите во рамки на договорот помеѓу купувачот и добавувачот.

Одговор:
Општите деловни услови заедно со посебните услови да се уредат во договорот. Не треба да се составен дел или прилог на договорот.

**7. Прашање**
Во однос на забранетите трговски практики наведени во член 8 од Законот, посебно треба да се појасни: **точката 9**, во смисла дали оваа забрана исклучува можност да се предвиди надоместок за брзо влистување т.е внесување на нов земјоделски или прехранбен производ во продажната мрежа на купувачот. Ова од причини што постои можност за договорен асортиман т.е. договорени производи помеѓу двете страни (предвидено и во т. 17), а со ограничувањето на можноста да се плати надоместок за дефинирани рокови за влистување (или брзо влистување), се остава простор купувачот да не го влиста или одолговлекува влистувањето на веќе договорен асортиман, односно производи.

Одговор:
Забранет е секој надоместок за влистување, вклучително и за брзо влистување, бидејќи се смета за нефер трговска практика.

**8. Прашање**
**Точката 13** во член 8 од Законот, во делот на забраната добавувачот да бара од купувачот да купува производи кои не ги бара, потребно е појаснување во смисла дали постои можност двете страни да се договорат за асортиманот по трговски групи или во рамки на трговски групи. Во таков случај купувачот би имал обврска да ги купува тие производи.

Одговор:
Постои можност да се договори одреден асортиман, но Купувачот не смее да е условуван од добавувачот да нарачува производ/и кои не ги бара, независно дали тој производ е дел од асортиманот или не.

**9. Прашање**

**Точката 17** во член 8 од Законот, исто така треба да се појасни од аспект на дилестирање т.е. бришење на производи кои се дел од договорен асортиман или договорени производи. Рокот од 30 дена е краток, па имајќи ги предвид залихите и динамиката на нарачки, истиот треба да изнесува 60-90 дена или да се преиспита ова ограничување доколку производите не се лесно расипливи.

Дополнително, потребно е да се појасни и зборот “значително“ во делот на намалувањето на нарачките.

Одговор:

Останува формулацијата да се брише производ со претходна најава во рок од 30 дена.

Нема прецизна дефиниција за значително, се остава на проценка на пазарот

**10. Прашање**

**Точката 20** во член 8 од Законот, треба да се појасни од аспект на концептот на поврат на роба. Одредбата создава забуна во однос на толкувањето во кои случаеви може да се направи поврат на роба (дали само ако производите се платени и ако купувачот ги поднесе трошоците за отстранување на производите) и дали во случај на поврат (доколку се исполнети условите) може да се направи замена за соодветни производи (со подолг рок на траење, нови количини и сл.) или може да се даде одобрение за направениот поврат.

Одговор:

Одобрение во случај на поврат не е предмет ниту треба да се прави замена на производи заради истек на рок. Јасно е наведено дека се забранува купувачот да ги враќа на добавувачот непродадените земјоделски и прехранбени производи кои се испорачани без да ги плати или без да плати за отстранување на тие производи.

**11. Прашање**

Во однос на ставот 2 и ставот 5 од членот 8 на законот, потребно е да се појасни дали исклучоците можат да се договорат подетално меѓу купувачот и добавувачот во писмена комуникација (вклучително и емаил комуникација), додека вредностите и рамковното дефинирање на услугите да биде предмет на договорите.

Одговор:

Исклучоците во став 5 треба на јасен и недвосмислен начин во писмена форма во рамки на договорот за снабдување да прикаже објективна и разумна проценка за трошоците и плаќањето по единица, или вкупно плаќање, според утврден ценовник на купувачот. Ако се менуваат, треба да се подготви анекс на договорот за снабдување.

Промоцијата во став 2 треба да е во писмена форма, на јасен и недвосмислен начин да се договори периодот на промоцијата (промотивна, акциска и сезонска продажба) и количината на земјоделските и прехранбени производи што ќе се нарачаат од добавувачот по намалена цена. Ова значи дека електронската комуникација се смета за писмена форма и може детално да се договари помеѓу добавувачот и купувачот, што не е задолжително да се уреди во договорот за снабдување.

**12. Прашање**

Во врска со акциите и промоциите, дали е во ред после завршеток на промотивен период да се утврдат количините што се продадени по пат на акција или промоција? Во писмената комуникација при договарање на акција или промоција, би ги договориле сите останати потребни елементи, како: период, производ, акциски или промотивен рабат.

Одговор:

Согласно став 3 на член 8 од Законот е наведено следното:

На барање на добавувачот, купувачот има обврска да му достави податоци на добавувачот за продадените количини по намалена цена, по истекот на периодот на промоцијата.

Во однос на промотивен рабат треба да биде намалена цената што добавувачот ќе ја понуди на купувачот и тој рабат не се однесува на рабатот наведен во член 8 став 6 на Законот (не повеќе од 10%).

**13. Прашање**

Особено внимание треба да се посвети на ограничувањето предвидено во ставот 6 од членот 8 на законот, со кој се предвидува дека **исклучоците** од ставот (5) на овој член (а тоа се позиционираност, реклама, маркетинг, персонал) **и рабатот** којшто добавувачот ќе му го одобри на купувачот не смеат да бидат повисоки од **10% од остварениот промет во тековната година**, кои јасно мора да бидат содржани во договорите за снабдување со земјоделски и прехранбени производи.

Со оглед на оваа новина кај нас во однос на европското законодавство, сметаме дека треба да се појасни висината на процентот кој е даден во самата одредба.

Одговор:

Сите надоместоци што добавувачот ќе ги одобри на купувачите и рабатот не смеат да надминат 10% од остварениот промет во тековната година.

Овој процент може да се надмине во одредени месеци на месечно ниво, но да се намали или укине во другите месеци (со цел на крај да не надмине 10%).

**14. Прашање**

Покрај појаснувањето на одредени исклучоци наведени во став 5 од членот 8 на законот, потребно е да се даде толкување и појаснување **на кои рабати се мисли** во овој став и како се очекува имплементација и следење на ова ограничување во рамки на редовното работење на трговците. Со оглед на тоа што ограничувањето се однесува во однос на остварен промет на годишно ниво, се поставува прашањето дали во текот на годината ќе може да се направи контрола и да се проверува надминувањето на овој процент или само по истек на деловна година.

Одговор:

Се однесува на следните исклучоци за кои е одобрен надоместок и рабат, не повеќе од 10%:

1.надоместок за **складирање** или ставање на земјоделски и прехранбени производи на **полици** на продажното место на купувачот,

2. надоместок за **рекламирање** на земјоделски и прехранбени производи кои ќе ги рекламира купувачот,
3. надоместок за **маркетинг** на земјоделски и прехранбени производи,
4. ангажирање на **персонал за опремување** на просториите на купувачот во кои се врши продажбата на земјоделски и прехранбени производи, и
5. **Рабат**
Законот предвидува рабатот да се одобри во процент.
Други плаќања и надоместоци се забранети согласно точка 26 на член 8 од законот.

**15. Прашање**
Ве молиме за писмена потврда дека Рабатот за дистрибуција не влегува во овие 10%.

Одговор:
Согласно точка 15. во член 8 на законот, забрането е на купувачот да бара надоместок од добавувачот за испорака на земјоделски и прехранбени производи до местото на испорака или надвор од договореното место на испорака, **освен во случаи кога купувачот врши сопствена дистрибуција со сопствени средства и ресурси наместо добавувачот.**
**Во тој случај купувачот за сопствена дистрибуција со сопствени средства и ресурси ќе пресмета трошок за неговата услуга на добавувачот, по претходна согласност од добавувачот за купувачот да ја врши дистрибуцијата. Овој трошок не влегува во надоместоци и рабат (не повеќе од 10%).**

**16. Прашање**
Потребно е појаснување како се дефинира примената на Законот во односите со странските лица

Одговор:
Во став 1 на членот 2 од законот е предвидено продажбата на земјоделски и прехранбени производи да се применува од добавувач и купувач кој се основани во Република Северна Македонија, во земјите членки на Европската Унија или во трети земји.
Но, член 36 на законот, упатува на одложена примена за купувач и добавувач кои се основани во земјите членки на Европската Унија или во трети земји, со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**17. Прашање**
Дали Законот ги опфака Синдикалните Организации?

Одговор:
Согласно член 189 од Законот за работните односи, Правна способност на синдикатите, односно здруженијата на работодавачите е наведено следното:
Синдикат на повисоко ниво, односно здружение на работодавачите на повисоко ниво **стекнува својство на правно лице** со денот на упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија, по претходен упис во регистарот на синдикати, односно регистарот на здруженија на работодавачи.

Согласно на ова, секој синдикат што е правно лице ќе треба да биде во опфат на овој закон.
На вебстраната на Министерството за труд и социјална политика има регистер на синдикати и здруженија.

**18. Прашање**
Доколку станува збор за 2 правни лица кои се основани во Република Северна Македонија, како треба да го сметаме приходот, поединечно по правно лице или бидејќи се поврзани правни лица (ист сопственик) треба да се смета вкупен приход на 2-те правни лица во Република Северна Македонија и/или пошироко? Правните лица во Република Северна Македонија се дел од една групација која е регистрирана надвор од државата и има повеќе компании во повеќе земји.

Одговор:
Следете ги став 3 и став 4 на член 6 од Законот:
(3) Кога купувачот и добавувачот од ставот (1) на овој член е друштво кое има значајно учество во друго друштво или друштво кое има преовладувачко влијание зависно од него друштво, во согласност со Законот за трговските друштва, при пресметувањето на неговиот вкупен годишен приход купувачот односно добавувачот, се смета како едно трговско друштво.
(4) При пресметување на вкупниот приход на друштвата од ставот (3) на овој член не се земаат предвид износите остварени од продажбата на стоки и давањето услуги меѓу овие друштва.
Вкупниот приход од продажбата на производи и услуги искажан во годишната сметка и во годишниот финански извештај, односно билансот на успех на купувачот и добавувачот, доставен во Централниот регистар на Република Северна Македонија, за оние правни лица кои се основани во Република Северна Македонија.
За правни лица кои се основани во ЕУ и трети земји е со одложена примена согласно член 36 од законот.

**19. Прашање**
Дали влегуваат во 10%?:
- каса сконто (финансиски одобрение за плаќање пред валута)
-транспортни/логистички трошоци
-бонус по скала за остварен раст/промет (кој се пресметува за одреден временски период, на пример на квартално или годишно ниво, во зависност од остварениот промет и раст на продажба во однос на претходен релевантен период)

Одговор:
Плаќањето е задолжителна обврска од купувачот кон добавувачот во рок не подолг од 30 дена за лесно расипливи земјоделски и прехранбени производи и рок не подолг од 60 дена за други земјоделски и прехранбени производи.
Плаќање во било кое време во рамки на роковите од 30 или 60 дена се смета за редовно плаќање.
Доколку добавувачот смета дека треба да овозможи поволност за плаќање пред валута, да се следи процентот наведен во член 8 став 6 на Законот. Не смее да се отстапува од овој став.
Во однос на транспортни/логистички трошоци да се следи одговор на прашање бр. 15. Надвор од тој одговор се забранети трошоци.

Во однос на бонус по скала за остварен раст/промет, се смета за рабат и да се следи процентот наведен во член 8 став 6 од Законот.
Точка 26 на член 8 од Законот јасно е наведено дека се забранети други надоместоци и плаќања кои се наметнуваат при склучување на договорите за снабдување со земјоделски и прехранбени производи.

**20. Прашање**
Дали оствареniот промет во тековната година врз основа на кој се пресметуваат максималните 10% за надоместоци/рабати се пресметува на база на бруто продажба (големопродажна цена по ценовник X количина на производ) или по нето продажба (големопродажна цена по ценовник, намалена за рабат и надоместоци X количина на производи).

Одговор:
Според член 8 став 6 на Законот, надоместоците за складишнина или полици, за маркетинг, за реклама, за ангажирање на персонал во просториите на купувачот и рабатот несмеат да бидат повисоки од 10% од оствареniот промет во тековната година. Што значи прометот на добавувачот (искажан во фактури или испратници како големопродажна цена по ценовник X количини на производ) се смета остварен промет кој е основ за пресметување на надоместоци и рабат, кои пак несмеат да бидат повеќе од 10% во тековната година.
Доколку рабатот е 10%, несмее да се пресметува надоместоци за складишнина или полици, за маркетинг, за реклама, за ангажирање на персонал во просториите на купувачот.

**21. Прашање**
Како Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе утврди кои податоци се деловна тајна доколку добавувачот не ги дефинирал јасно преку интерни прописи или комуникација со купувачот? Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи не наложува договорите да прецизираат што претставува деловна тајна. Дополнително, Законот за заштита на деловните тајни се уште не е во собраниска процедура и неизвесно кога истиот ќе биде. Поради ова, ќе има период без јасен законски пропис за да се дефинира што е деловна тајна, а Комисијата за заштита на конкуренцијата би имала законска дискреција да казни купувач согласно нивното видување за тоа што е деловна тајна во вакви ситуации.

Одговор:
За примена на законот согласно член 11 од Закнот, Комисијата за заштита на конкуренцијата за одлучување по прекршок и при водење прекршочна постапка соодветно ги применува одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата и од Законот за општата управна постапка, освен ако со Законот за прекршоци и со овој закон поинаку не е определено.
Согласно став 3 на член 13 од Законот, доколку барањето за поведување прекршочна постапка содржи податоци кои, според подносителот, претставуваат деловна тајна, истиот е должен таквите податоци јасно да ги означи и да ја назначи правната основа за нивното означување како деловна тајна.

Согласно став 4 на член 13 од Законот, при поднесување барање за поведување прекршочна постапка кое содржи податоци кои претставуваат деловна тајна, соодветно се применуваат одредбите од член 18 и тоа:
(1) Заради вршење на овластувањата утврдени со овој закон, Комисијата за одлучување по прекршок може со заклучок да бара од купувачот и од добавувачот да достават податоци во врска со нивната економско финансиска состојба, нивните деловни односи и врски, податоци за нивните статути и одлуки, за бројот и идентитетот на лицата засегнати со таквите одлуки, како и други податоци потребни за водење на постапката.
(4) Доколку некои од податоците од ставот (1) на овој член претставуваат деловна тајна, купувачите и добавувачите се должни истите јасно да ги означат и да ја назначат правната основа за нивното означување како деловна тајна.

**22. Прашање**

Согласно член 8 став 1 точка 17 на Законот, еднострано ги брише производите од списокот на договорени производи кои добавувачот ги испорачува на купувачот или значително ги намалува нарачките на поединечни земјоделски и прехранбени производи, без претходно писмено да го извести добавувачот во период пократок од 30 дена;

Не е јасно кај сезонските производи каде што страните однапред знаат дека истите ќе бидат избришани по изминување на одредена сезона, дали останува обврската за известување на добавувачот во период пократок од 30 дена, имајќи предвид дека не е предвиден исклучок?

<u>Одговор:</u>

Периодот од 30 дена останува непроменет бидејќи е законска обврска

**23. Прашање**

Согласно член 8 став 1 точка 21, 23 и 24

21. бара надоместок од добавувачот за складирање, прикажување или ставање земјоделски и прехранбени производи на полици на продажното место на купувачот;
23. бара добавувачот да плати за рекламирањето земјоделски и прехранбени производи кои тој ги рекламира;
24. бара добавувачот да плати за маркетинг на земјоделски и прехранбени производи кои тој ги спроведува;

Доколку добавувачот бара одредени производи да се сместат на полица на одредено продажно место и купувачот го стори тоа, а за тоа побара надомест би го прекршил законот на барање на добавувачот. На пример во Хрватска направен е исклучок да доколку добавувачот изречно бара одредени производи да бидат сместени на конкретни полици тогаш да не се смета барањето за надомест за таа услуга како нефер трговска практика. Слично е и за точките 23 и 24 во ситуации каде добавувачот побарал услуга за рекламирање или маркетинг и за таа услуга купувачот бара надомест.

Одговор:

Види одговор на прашање бр. 14.

Директивата 2019/633 дава можност на исклучоци според објективна и разумна проценка на трошоците, кои се преземени во Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи. Министерството за економија тоа го искажа во процент, не повеќе од 10% (за надоместоците и рабатот), наведени во став 5 и став 6 на член 8 од Законот.

**24. Прашање**

Според член 34 од Законот, добавувачите и купувачите кои склучиле договори за снабдување на земјоделски и прехранбени производи до денот на влегувањето во сила на овој закон се должни да се усогласат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Што ако едната или другата страна на договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи одбиваат да го променат истиот за истиот да биде усогласен со законот во дадениот рок? Во таков случај едната или другата страна би морала да пристапи кон еднострано менување на условите на договорот (а во случај тоа да е купувачот би било и спротивно на член 8 став 1 точка 2 „еднострано ги менува условите на договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи кои се вообичаени во однос на начинот, местото, времето или обемот на набавка или испорака на земјоделските и прехранбените производи, стандардите за квалитет, условите за плаќање или цените за давање услуги"). На пример, во Хрватска ова е решено на поинаков начин така што е предвидено дека договорите кои не се усогласени по периодот на усогласување се сметаат за ништовни така што страните се принудени да пристапат кон склучување на договор кој е во согласност со законот; (ii) дали периодот на усогласувањето се однесува и на општите деловни услови кои се дел од договорот, а вклучени по пат на референца.

Одговор:

Во став 1 на член 7 од Законот, договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи меѓу добавувачот и купувачот **мора** да биде склучен во писмена форма <u>пред испорака на земјоделски или прехранбени производи.</u>

Во однос на член 8 став 1 точка 2 е забрането купувачот еднострано да ги менува условите и се смета за нефер трговска практика, а се однесува на условите од став 2, став 3 и став 4 на член 7 од овој Закон. Оваа забрана важи за договорите кои се склучени согласно одредбите на овој Закон.

Според став 5 на член 7 од Законот, условите се обврзувачки за договорните страни.

Според член 34 од Законот, периодот од 6 месеци е преоден период за добавувачите и купувачите кои склучиле договори за снабдување на земјоделски и прехранбени производи до денот на влегување во сила на овој закон да ги усогласат договорите со одредбите на овој закон односно не подоцна од 27 септември 2024 година. Во спротивно, тие договори ќе станат ништовни од 28 септември 2024 година.

Доколку рокот на склучен договор за снабдување на земјоделски и прехранбени производи завршува додека трае преодниот период, добавувачот и купувачот се должни новиот договор да го склучат согласно одредбите на овој закон од причина што основот за трговски практики во деловното работење меѓу добавувач и купувач се

одредбите во овој закон. На пример: ако рокот на склучен договор истекува на 5 јуни, од следниот ден треба договорните односи меѓу купувачот и добавувачот да се регулираат со нов договор кој ќе ги содржи одредбите од овој закон и тој договор мора задолжително да се склучи пред испорака на земјоделски и прехранбени производи.
Доколку рокот на склучен договор за снабдување на земјоделски и прехранбени производи завршува на 31 декември 2024 година или рокот е без датум (туку стои за 1, 2 или повеќе години) кој автоматски продолжува да важи во следниот период, истиот постанува ништовен од 28 септември 2024 година и добавувачот и купувачот се должни да склучат договор согласно одредбите на овој закон.

**25. Прашање**

Дали во случај, по завршување на временски договорениот период за акциската продажба и според доставени податоци од купувачот за продадените количини по намалена цена, а набавени по редовна цена, добавувачот има право да го одобри купувачот за договорениот попуст за продадената количина на производи за време на акциската продажба по намалена цена, односно дали намалувањето на цената по овој основ се засметува или не се засметува во дозволените 10% од остварениот промет во текот на годината? Ова особено со оглед дека согласно погоре посочениот член 8 став 2, 3 и 4, при спроведување на акција со рабат на фактура, овој рабат не се засметува во дозволените 10% надоместоци по сите основи.

Одговор:

Согласно став 2 на член 8 од законот, а поврзано со точка 22 од став 1 на член 8 од законот, добавувачот ќе побара од купувачот во писмена форма, на јасен и недвосмислен начин да се договори периодот на промоцијата (промотивна, акциска и сезонска продажба) и количината на земјоделски и прехранбени производи што ќе се нарачаат од добавувачот по намалена цена. Процентот на намалувањето на цената ја одредува добавувачот за своите производи и тој процент не се засметува на дозволените не повеќе од 10%, пропишани во ставот 6 на член 8 од овој закон.
Кога производот е набавен по редовна цена и производот е во сопственост на купувачот, на барање на добавувачот може тој производи од редовна продажба да се договори на промоција (промотивна, акциска и сезонска продажба), за што добавувачот има право да го одобри купувачот за договорениот попуст за продадената количина.

**26. Прашање**

Дали добавувачот може да му издаде на купувачот книжно одобрение за количината на производи кои во текот на спроведената акција се продадени по намалени цени, а биле набавени по редовна цена?

Одговор:

Согласно став 3 на член 8 од законот, за количината која добавувачот ја одобрил на акциска продажба по намалена цена, на барање на добавувачот, купувачот има обврска да му достави податоци на добавувачот за продадените количини по намалена цена, по истекот на периодот на промоцијата.
Доколку количината што е на акциска продажба е целосно продадена, добавувачот треба да даде согласност за нова количина на акциска продажба, а во таа количина може да влезе и количината која е на залиха кај купувачот. Согласноста на добавувачот се заснова на барање на купувачот за нова количина. Доколку новата количина не се

продаде по завршување на периодот на акциската продажба, купувачот е должен разликата од испорачаната (вклучувајќи ја залихата) и непродадената количина да ја плати по редовна цена.
Количината која е на залиха кај купувачот и добавувачот даде согласност таа количина да биде на акциска продажба, за продадената количина по намалена цена по завршување на акциската продажба е дозволено одобрение доколку таа количина веќе е платена по редовна цена од страна на купувачот во рамки на задолжителните рокови за плаќање до 30 дена за лесно расипливи земјоделски и прехранбени производи и до 60 дена за другите земјоделски и прехранбени производи кои не се сметаат за лесно распиливи.

**27. Прашање**
Дали во случај на погрешно фактурирање е дозволено издавање на книжно одобрување заради корекција на износот на конкретната фактура, односно дали вака корегираниот износ на фактурата се засметува или не се засметува во законски дозволените 10% вкупни надоместоци? Ова особено што не секогаш може да се корегира фактурата во периодот до прокнижување.

Одговор:
За погрешно фактурирање по било кој основ не се издава книжно одобрување.

**28. Прашање**
Дали законот се применува во случај кога добавувачот врши директна продажба на производи опфатени со Листата на земјоделски и прехранбени производи врз основана која се утврдуваат нефер трговските практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи на кафичи, ресторани (т.н Хорека канал) и сл. субјекти, канцеларии и преку вендинг апарати?

Одговор:
Согласно член 2 од Законот, примената на продажба на земјоделски и прехранбени производи се однесува на добавувачи и купувачи кои се основани во Република Северна Македонија, додека пак согласно член 36 од законот примената од добавувачи и купувачи кои се основани во земјите членки на Европската Унија или трети земји, се одлага до пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ.
Според дефиницијата на „Синџир на снабдување на земјоделски и прехранбени производи“ во член 4 на законот, се сите учесници во производството, преработката и трговијата со земјоделски и прехранбени производи, и тоа: производители, откупувачи и/или преработувачи, трговци на големи и трговци на мало кои во договорните односи можат да бидат добавувачи или купувачи, како и јавните органи како купувачи.
Согласно на тоа, угостителскиот сектор односно каналот Хорека кој се смета за услужен сектор, не е предмет на уредување на овој закон.
Согласно член 3 од Закон, примената не се однесува на односите меѓу добавувачите и потрошувачите во врска со продажбата на земјоделски и прехранбени производи. Во тој случај, кога канцеларии и други субјекти кои се јавуваат како купувачи и воедно се потрошувачи на купените земјоделски и прехранбени производи односно се конзументи на тие производи, не се предмет на уредување на овој закон.

**29. Прашање**
Во врска со продажба преку вендинг машина односно веднинг апарат, претставува сложен концепт кој во случај кога се врши преку дистрибутер опфаќа закуп на вендинг апаратот, при што самиот вендинг апарат не претставува производ, односно финалниот производ се вградува во вендинг апаратото (пр. кафе кај вендинг апарати за кафе, сокови, чоколади и сл.). Дали законот се применува за продажба преку вендинг апарати?

<u>Одговор:</u>
Кога станува збор за продажба преку вендинг апарат, правното или физичко лице кое е сопственик на вендинг апаратот и ја дава под закуп на друго лице, не е предмет на уредување на овој закон. Кога правно или физичко лице кое е сопственик на вендинг апаратот или пак друго лице е корисник на апаратот согласно склучен договор за закуп, се јавува како купувач на земјоделски и прехранбени производи, во тој случај е должен е да склучи договор со неговите добавувачи. Задолжително е цените на производите во вендинг апаратот да бидат истакнати и истите да бидат наведени во договорите за снабдување.

**30. Прашање**
Во случај кога се вршат промоции (промоција, акција, сезонска распродажба), во законот е наведено дека добавувачот треба да бара од купувачот да се договори периодот на промоцијата и количината на производи која ќе се нарача од добавувачот по намалена цена, а доколку добавувачот на барање на купувачот испорача поголема количина од продадената на промоција, купувачот треба да му ја плати разликата на добавувачот по редовна цена. Прашањето е: далу купувачот кога ќе му останат вакви производи набавени по пониска цена од добавувачот мора да му ја надомести разликата до редовната цена на добавувачот или тие можат да се договорат преостанатите производи да бидат искористени во следната промоција којашто ке ја договорат?

<u>Одговор:</u>
При вршење на промотивни активности согласно ставот 4 на член 8 од законот, јасно е наведено дека доколку добавувачот на барање на купувачот има доставено количина поголема од количината која е продадена на потрошувачите за време на промоцијата, купувачот мора да му ја плати на добавувачот разликата од испорачаната и продадената количина по редовна цена, без промоција.